ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 12.03.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Дадена е информација во врска со тековните работи на ниво на ова одделение.

Дадено е задолжение да се направи анализа на добиениот Извештај за извршена ревизија и да се дадат соодветни препораки за понатамошно постапување, а на основа на добиените забелешки во самиот извештај.

Дадено е задолжение сите облози за даноците на имот, кои се однесуваат на стари решенија, да бидат подготвени **најдоцна до 31.03.2018 година**, а новите да бидат изготвени **во текот на месец Април 2018 година**.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Дадено е известување во врска со спроведена проценка на недвижен имот за утврдување на даноци на имот на деловниот субјект ДПТУ ВЕИБО ГАРМЕНТ ПРОДАКШН МАКЕДОНИЈА ДОО КРИВА ПАЛАНКА на ден 07.03.2018 година.

Дадена е информација во врска со подготвителни активности поврзани со локалитетот Пенди Вир, каде што е извршено мерење, лоцирање на граници и околчување, со понатамошни насоки да се изнајде идејно решение за поставување на пешачка патека, озеленување на просторот, поставување на бетонски садови за цвеќе, дислокација на садовите за отпад и итно задолжение за подготовка и доставување на писмен допис до лицето Ристо Илиевски од Крива Паланка за брзо и неодложно отстранување на поставената ограда со која се узурпира општинска сопственост на наведениот локалитет.

Дадена е информација за тековни подготовки за отпочнување со изградбата и санацијата на потпорни ѕидови, во координација и соработка со ЈП КОМУНАЛЕЦ, а кои се однесуваат на утврдување на точните локации, шалување и набавка на градежните материјали, со задолжение за формирање на тим, кој треба да отпочне со работа **најдоцна до 13.03.2018 година**.

Дадена е информација за проектирањето на пат кон с.Мартиница, со изработка на основен и инфраструктурен проект.

Дадена е информација во врска со задолжението за поставување на улично осветлување на три локации на потегот кон м.в.Ловачки, со образложение дека истото ќе биде поставено **најдоцна до 13.03.2018 година**, а воедно, дадено е задолжение за итно и неодложно поставување на улични светилки и на самата обиколница.

Дадено е задолжение за итно и неодложно тампонирање на одредени локации во м.в.Цонев рид, Лозаново, Конопница и ул.„Гоце Делчев“.

Дадена е информација во врска со предадена проектна апликација за канализација во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Дадено е задолжение, **најдоцна до 19.03.2018 година** да биде направено целосно и точно скенирање на просторот на потегот од Осички мост до Здравствениот Дом и утврдување и проекција на точниот број на слободни локации за паркинг места, како и точни локации кои можат да бидат дадени на потенцијални инвеститори за изградба на инфраструктурни објекти или пак искористени во рамките на определени јавно-приватни партнерства.

Дадена е информација во врска со текот на постапката за промена на азбестно-цементните цевки и потребата од потпишување на договор во Министерството за транспорт и врски на РМ.

Дадена е информација во врска со другите тековни активности на ниво на одделение.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Дадена е информација во врска со претстојниот состанок во Штип, кој ќе се одржи на 21.03.2018 година, со работен наслов ЗАШТИТАТА НА ПОДРАЧЈАТА НА ОСОГОВИЕТО.

Дадена е информација во врска со нумерацијата на улици и направениот попис, при што е констатирано дека се комплетирани броеви за нумерирање на куќите на 7 (седум)

улици, со задолжение да се отпочне со работа на терен и нумерирање на куќите на тие улици и тоа уште на **13.03.2018 година**, за што тековно да се известува во писмена форма. Дадена е и проекција дека се неопходни уште 1.500 броеви за да целиот процес биде комплетно завршен како таков.

Дадена е информација во врска со линискиот превоз на 4 (четири) линии на подрачјето на Крива Паланка, со образложение дека до тој момент нема ниту издадени лиценци, ниту заинтересирани страни за добивање на лиценци за наведените линии.

Дадена е информација за стапување во контакт со соодветна фирма за добивање на донација на нов надграден софтвер за ГИС и бесплатна обука на 3 (три) лица за работа со истиот.

Дадено е задолжение, итно да се постави знак за забрането паркирање и запирање зад Домот на културата, со цел да се овозможи брза и непречена интервенција на ТППЕ кога за тоа постои потреба.

Дадена е информација за подготвени идејни решенија за изградба и поставување на автобуски стојалишта.

Дадена е кратка информација во врска со легализација на објекти на СОУ Ѓорче Петров и на ЈП Комуналец и образложение на тековните проблеми поради кои постапката не може брзо и ефикасно да биде решена.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Дадена е информација во врска со подготовката на планот за вработување за 2019 година.

Дадена е информација во врска со подготовката на потребната документација за организирање и одржување на конститутивна седница на УО и НО на ЈП КАЛИН КАМЕН – Крива Паланка.

Дадено е информација за изготвено решение за назначување на ВД Директор на ЈП „Калин Камен“ - Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со поднесен допис до ОЈО Крива Паланка за добивање согласност за престанок на правото на користење на зградата спроти Балкан, со цел брзо и ефикасно завршување на постапката за засновање право на сопственост на наведената зграда од страна на Општина Крива Паланка.

Дадено е задолжение за подготовка и испраќање на допис до ЗЕЛС, со кој да се нотира проблемот со немањето на ТВ прием и сигнал.

Дадена е информација во врска со испратен поднесок до Е-Влада за повлекување на точката за ПЦЦ ХИДРО НЕВ Дооел.

Дадено е задолжение за подготовка и испраќање на допис до МИОА за организирање и спроведување на обука за внесување на податоци во системот, а на која да бидат присутни (обучувани) претставници од сите институции кои се под надлежност на Општината.

Дадено е задолжение за подготовка на интерен оглас за унапредување административен службеник на позицијата Раководител на одделението за финансиски прашања, **најдоцна до 16.03.2018 година**.

Дадено е задолжение за прибавување на досиејата на сите вработени, проверка на нивните годишни оценки, изготвување на преглед табела и анализа за исполентоста на потребните услови за остварување на степен на кариера.

Дадена е информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Дадена е информација во врска со распишани тендерски постапки за одржување на улици и патишта, за набавка на готов бетон и за набавка на ТВ приемници за ЛУ Градски Музеј.

Дадена е информација во врска со подготовката на материјалите за претстојната седница на Советот на Општина Крива Паланка и подготовката на Службен гласник на Општината бр.2/2018.

Дадена е информација во врска со тековната достава на акти.

Дадена е информација во врска со подготовките за претстојниот коктел во чест на пензионирањето на Раководителот на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, закажан за 16.03.2018 година.

Дадено е задолжение **во рок од 3 дена** по одржување на седниците на Советот да бидат доставувани потпишаните одлуки и решенија.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија</u>**

Дадена е информација за предадени проекти во Бирото за регионален развој.

Дадена е информација во врска со проектот за детската градинка, која што апликација, во прв момент е одбиена од МТСП и истата е ставена на листата за чекање.

Дадена е кратка информација во врска со потенцијални проектни идеи за аплицирање преку Програмата за прекугранична соработка со Бугарија.

Дадено е задолжение за подготовка на состанок на стопанствениците на подрачјето на Општина Крива Паланка, на која да се формира Асоцијација на стопанственици и координативно тело на истата, кој состанок да се одржи на ден **15.03.2018 година** во просториите на ЛУ Градски Музеј во Крива Паланка.

Дадено е задолжение за подготовка и одржување на конститутивна седница на Советот на млади на Општина Крива Паланка **на ден 16.03.2018 година во 12:00 часот**, во просториите на ЛУ Градски Музеј во Крива Паланка.

Дадено е задолжение за подготовка и одржување на конститутивна седница на УО и НО на ЈП Калин Камен – Крива Паланка.

Дадена е информација за претстојна средба со претставници на Федерацијата на фармери на ден 13.03.2018 година.

Дадено е задолжение за формирање на Комисија за разгледување и евалуација на апликациите за доделување на средства за НВО, во чиј состав да бидат Антонио Давитковски, Лидија Митовска и Мартин Николовски, како и подготовка на документи за евалуација.

Дадена е информација за други тековни активности од делокругот на ова одделение.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Дадена е информација во врска со постапката за отстранување на бараките зад MY MARKET и бараките на локацијата на стариот зелен пазар.

Дадена е информација за изготвена Програма за справување со проблемот со кучињата скитници на подрачјето на Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со изготвен план за реализација на Еколошка акција **на ден 17.03.2018 година**, во која ќе учествуваат учениците во општинските основни училишта, средното општинско училиште, вработените во општинската администрација, вработените во ЈП Комуналец и активисти од граѓански здруженија, со задолжение за нарачка на најлонски вреќи за собирање на отпад и ракавици за сите учесници во акцијата, како и задолжение за објавување на ВЕБ страната на Општината на повик до сите здруженија на граѓани за активно учество во самата аколошка акција.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Дадена е информација во врска со подготовките за еколошката акција на ден 17.03.2018 година.

Дадена е информација во врска со тековните работи поврзани со собирањето на смет во урбаното градско подрачје.

Дадена е информација во врска со изработени околу 50 корпи за отпадоци и тековна акција за нивно поставување на соодветни локации долж главната градска улица, како и на обиколницата и на самиот кејски ѕид покрај велосипедско-ролерската патека.

Дадено е задолжение за миење на улиците, со напомена истото да биде реализирано во соодветно утврден термин, во период помеѓу 05:00 и 07:00 часот или во доцните ноќни часови.

Дадена е информација во врска со други тековни активности кои произлегуваат од делокругот на ова претпријатие.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Дадена е информација во врска со одржана работна средба со Министерот за култура на Република Македонија во неговиот кабинет на ден 06.03.2018 година и заклучоците кои произлегуваат од истата.

Дадена е информација за одржана седица на УО на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка и заклучоците и одлуките донесени на истата.

Дадена е информација во врска со тековни активности поврзани со санација на сувенирницата во склоп на Градскиот Музеј и решавање на проблемот со влага.

Дадена е информација во врска со промена на брава и клучеви во објектот во училиштето во с.Градец и потребата од замена на искршени мермерни плочки на фонтаната пред самиот музеј и на плоштадот Карпошово востание.

Дадено е задолжение за подготовка на проектна апликација за енергетска ефикасност, каде што како носител ќе се јави ООУ Илинден – Крива Паланка, а под менторство на Драган Величковски.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**12.03.2018 година, Крива Паланка**